

# E-mail сандаче на мобилен телефон

Упатство за конфигурација на E-mail сандаче на мобилен телефон

Сподели доживувања

## Вовед

Доколку имате e-mail адреса хостирана на сервер на Македонски Телеком од типот @t-home.mk или @imenafirma.com.mk, Вашето маил сандаче можете да го користите на два начина:

- преку е-маил клиент инсталиран на Вашиот мобилен телефон
- преку веб сајтот **www.webmail.t-home.mk**

## Упатство за користење на Вашето маил сандаче преку E-mail клиент

Најпрво проверете дали на Вашиот мобилен телефон има нагодено интернет пристап.

Подесување на **e-mail клиентот**

E-mail клиент е вграден софтвер на мобилниот телефон кој го имаат сите понови модели на мобилни телефони. Тој софтвер е наменет за e-mail комуникација.

Зависно од моделот на Вашиот мобилен телефон, потребно е во менито да го пронајдете делот за подесување на e-mail account. Обично тој се наоѓа во делот за пораки, заедно со SMS и MMS пораките.

Креирајте нов e-mail account со име T-Home.

Внесете ја Вашата e-mail адреса, на пример: ivan@t-home.mk

Одберете го internet account-от од Вашиот мобилен оператор. Во случај на T-Mobile, тоа е TMMK Internet. Доколку го немате тој account, веројатно на Вашиот мобилен телефон немате нагодено интернет пристап.

## Останати подесувања:

| Connection type | POP3 |
|---|---|
| Incoming server | pop.t-home.mk |
| Username | Внесете ја целата ваша e-mail адреса, на пример: ivan@t-home.mk |
| Password | Внесете ја лозинката за пристап, внимавајќи на големината на буквите |
| Check interval | Изберете опција на колку време да се проверува дали стигнала нова порака или тоа да го правите по потреба |
| Outgoing server | Секој мобилен оператор има свој outgoing server. Во случај на T-Mobile, тоа е **smtp.t-home.mk** |
| Username | Внесете ја целата ваша e-mail адреса, на пример: ivan@t-home.mk |
| Password | Внесете ја лозинката за пристап, внимавајќи на големината на буквите |
| Incoming port | 110 |
| Outgoing port | 25 |

## Упатство за користење на Вашето меил сандаче преку интернет прелистувач (browser)

Најпрво проверете дали на Вашиот мобилен телефон има нагодено интернет пристап.

Најавување на **www.webmail.t-home.mk**

За да се најавите на webmail, во интернет прелистувачот на Вашиот мобилен телефон отворете ја адресата www.webmail.t-home.mk.

Внесете ја целата e-mail адреса (на пример: ivan@t-home.mk) во полето за внесување на User Name и одберете standard login.
На следната страница внесете ја Вашата лозинка, внимавајќи на големината на буквите, и одберете OK.

На следната страница ќе ви биде побарано да внесете Ваш PIN (независен од PIN кодот на Вашата SIM картичка). Вие сами треба да изберете кој PIN код (четвороцифрен број) сакате да го користите и да го внесете во двете полиња: New PIN и Confirm PIN

При секое следно најавување на **www.webmail.t-home.mk**, наместо лозинка, ќе ви биде баран PIN-от. Затоа, запомнете го.

По успешното најавување (логирање) ќе се појави основното мени:

**Mail**
**Preferences**
**About this product**
**Log Out**

За да се излистаат примените e-mail пораки или за да испратите e-mail порака изберете Mail.
Изберете некоја опција од следното мени:

| | |
|---|---|
| **Inbox** | |
| (број на непрочитани пораки /број на примени пораки) | за да ги прочитате примените пораки |
| **New Mail** | за да испратите нова порака |
| **Folders** | за да ги отворите фолдерите |
| **Search** | за да пребарувате по пораките |
| **-Main-** | за да се вратите на основното мени |

За да нарачате дополнителни услуги
јавете се на 171 (повикот е бесплатен).

www.t-home.mk

Сподели доживувања

T · · Home